МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС>>

МЦМС е-Билтен

Ноември 2014

БРОЈ 159

МЦМС е новиот ТАКСО ресурсен центар

Во текот на октомври 2014 година МЦМС и СИПУ од Шведска склучија договор за партнерство со кој МЦМС ќе функционира како ресурсен центар за Македонија, во рамките на ЕУ проектот ТАКСО (Техничка поддршка за граѓанските организации) кој СИПУ го раководи на регионално ниво (Западен Балкан и Турција). Договорот се однесува на следните три години и ќе трае до август 2017 година. Вкупниот буџет изнесува 195.000 евра.

Главната цел на ТАКСО е да ги зголеми и подобри капацитетите и активностите на граѓанските организации како и да ја зајакне нивната улогата во партиципативната демократија. Еден од главните предизвици во оваа фаза ќе биде развивањето организациски и финансиски услови за продолжување на испораките на услугите од ТАКСО на национално ниво по август 2017г. кога ќе заврши поддршката за проектот.

Четирите клучни области каде ќе се одвиваат активностите се: 1) понатамошно зајакнување на капацитетите на граѓанското општество и улогата во националната демократизација и во процесот на пристапување; 2) зголемување на комуникацијата и видливоста на придонесите на граѓанското општество за општеството во целина; 3) поддршка во откривањето на нови стратегии и пристапи за мобилизација на ресурси кои се потребни за да се обезбеди развој и одржливост на граѓанското општество и, 4) подобрување на законската и институционалната рамка за активностите на граѓанското општество.

МЦМС веќе обезбеди канцелариски простор за персоналот на ТАКСО, а дел од договорот е и советодавна поддршка од постариот персонал на МЦМС, воспоставување на услуги за поддршка на ГО, обуки за ГО, настани, поддршка во обезбедување видливост на ГО, организирање на состаноците на Локалната акциска група, учество во регионалните настани и состаноци и интегрирање на ресурсните материјали на ТАКСО и МЦМС.

МЦМС се пријави за оваа улога на отвореният повик на ТАКСО во април оваа година, а беше избран во процес на темелна оценка на капацитети на апликантите од страна на членовите на Комитетот за оценка и дополнителна оценка направена од независен експерт.

Во новата фаза Цивика мобилитас ќе биде движечка сила за одржливо граѓанско општество

На 18 ноември 2014 година, во Младинскиот културен центар (МКЦ) во Скопје беше промовирана новата фаза на програмата Цивика мобилитас која им е наменета на граѓанските организации и другите актери на граѓанското општество и ќе трае четири години.



На промоцијата беше претставен и тимот кој ќе работи на спроведувањето на Цивика мобилитас

Буџетот на програмата изнесува околу осум милиони швајцарски франци и е донација на СДЦ/Амбасадата на Швајцарија во Република Македонија. Програмата ја спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрација (СИПУ).

На присутните им се обрати Амбасадорот на Швајцарија во Република Македонија, неговата екселенција Стефано Лазарото. „Би сакале да ги видиме граѓанските организации фокусирани првенствено на нивното членство, на граѓаните, да ги видиме како ги штитат правата на граѓаните и ги застапуваат нивните интереси“, рече Амбасадорот Лазарото и додаде дека транспарентноста на организациите кон граѓаните ќе им ја зголеми довербата, ефикасноста и одржливоста.

Вовед во програмата даде Питер Тоинис, меѓународен водач на тимот, а ја презентираше Александар Кржаловски, националниот водач на тимот и прв извршен директор на МЦМС. „Во следните четири години Цивика мобилитас ќе тежнее да достигне критична маса на граѓански организации кои активно се ангажираат во постигнување општествени промени во Македонија“, рече тој.

Визијата на Цивика мобилитас е Македонија во која граѓанското општество игра позитивна улога во реализацијата на потенцијалот на земјата и на сите нејзини граѓани. Таа ќе настојува да биде движечка сила за одржливо граѓанско општество. Активностите на програмата се организирани во три компоненти: учење и вмрежување, финансиска поддршка (грантови) и истражување и развој. Учењето и вмрежувањето ќе се реализираат преку поддршка, околу триесетина форуми, фасилитација и менторство. Финансиската поддршка се состои од четири типа грантови: институционални, акциски, мали и ад-хок. Третата компонента предвидува истражувачки активности во областите на доброто владеење, децентрализацијата, граѓанското општество, како и во родовите прашања, меѓуетничките односи и миграциите.

Ова е втора фаза од спроведувањето на Цивика Мобилитас. Првата фаза беше спроведена во периодот 2009-2013 година, од страна на Центарот за институционален развој (ЦИРа).

Учество на јавноста во процесите на подготовка на закони

МЦМС, го промовираше извештајот Огледало на Владата: Учество на јавноста во процесите на подготовка на закони. Во првиот дел на анализата е оценета отвореноста на органите на државна управа во комуникацијата со јавноста, во поддршката на граѓанските организации и во отвореноста при подготовка на конкретни предлог закони. Резултатите од следењето на минимумот стандарди и запазувањето на временскиот рок за консултации за објавените предлог-закони на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) се предмет на анализа во вториот дел.



Државните институции се вклучија во дискусијата на резултатите од Извештајот

Извештајот констатира отсуство и опаѓање на проактивноста на органите на државна управа за комуникација со јавноста. Просечната оцена на комуникациската средина на институциите и степенот на отвореност е оценет со 3,19, што претставува намалување споредено со 2012 (3,47). Поддржувачката околина за учество на јавноста во подготовката на законите е незначително подобрена, а зголемена е и вклученоста на граѓанскиот сектор во следење и оцена на спроведување на предлог-закони.

Непрепознавањето на експертизата на граѓанскиот сектор за подготовка на стручни текстови продолжува, а забележано е подобрување на почитувањето на временската рамка за консултации. Вклучувањето на јавноста во текот на спроведувањето на консултации за предлог-закони кои се следеле, бележи подобрување. Министерството за труд и социјална политика е најдобро оценето.

Анализата констатира дека Министерствата не објавуваат голем дел од предлог-законите на ЕНЕР. Во периодот на известување има вкупно 381 закон кои влегле во собраниска постапка, а 201 биле објавени. Покрај тоа, следењето на консултативниот процес е отежнато со неажурирањето на податоците на ЕНЕР и недостапноста на записниците од седниците на Владата. Минималниот рок за консултации е половично почитуван, а министерствата најчесто ги објавуваат комплетните документи за консултации. Од друга страна, интересот на јавноста за коментирање на ЕНЕР е мал. Во периодот на следење се поставени само 28 коментари за 15 од вкупно 201 објавени предлог-закон. Министерствата во две третини од случаите не даваат повратен одговор на коментарите. Во истиот период министерствата дале само девет повратни одговори на вкупно 28 поставени коментари (32%).

Ќе се утврдува економскиот придонес на граѓанскиот сектор

На 3 и 4 Ноември 2014 г. во Белград, Србија се одржа работилница со наслов „Студија за економска вредност на граѓанското општество". Организатори на работилницата беа Граѓански иницијативи од Србија и Балканската мрежа за развој на граѓанското општество. Претставник на МЦМС беше Симона Огненовска.

Работилницата беше вовед во длабинско истражување на економскиот придонес на граѓанскиот сектор во Западен Балкан и Турција. Клучна цел е да се мапираат и прикажат финансиските капацитети, големината, резултатите и вредноста на секторот во однос на целокупната економија. Истражувањето треба да придонесе кон процесот на легитимизирање на граѓанскиот сектор и неговите активности низ регионот преку анализирање на опфатот на ГО и мрежите во обезбедување клучни услуги, вработување и помош за стимулирање на економски развој.

Директорот на Агенцијата за деловни регистри на Србија го претстави системот, видот и пристапот до податоци за економската вредност на граѓанскиот сектор во Србија (интерактивната мапа развиена со статистички и финансиски податоци). Искуството на Словенија го презентира претставник на ЦНВОС.

Учесниците работеа во групи и ги идентификуваа заедничките и поединечните за секоја земја прашања. Се дискутираше за поставување основа за истражување/следење и застапување за подобрување на формите на прибирање, пристап и стандардизирање на податоците. Земјите се соочуваат со различни предизвици во поглед на обезбедувањето на податоците. Во Македонија сите податоци може се достапни, меѓутоа тие не се бесплатни.

Работилницата се спроведе во рамки на проектот „Acquis на балканското граѓанско општество: Јакнење на потенцијалот и капацитетите на граѓанските организации за застапување и лобирање". Проектот е спроведуван од БЦСДН и членките на БЦСДН, во партнерство со Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ) и Европската мрежа на национални граѓански организации (ЕННА), а финансиски поддржан од Европската Унија.

Објавен споредбен преглед на состојбите со корупцијата во регионот

На 13 и 14 ноември 2014 година во Тирана, Албанија се одржа завршната конференција на Мрежата за лидерство за развој и интегритет на Југоисточна Европа (СЕЛДИ). Конференцијата беше посветена на доброто владеење и антикорупциските предизвици во регионот. Се дискутираше за наодите и препораките од следењето на корупцијата и антикорупцијата во југоисточна Европа како и за превенцијата на корупцијата преку проценка на ризиците за корупција. Конференцијата беше организирана во соработка со Регионалната антикорупциска иницијатива (РАИ), Советот за регионална соработка (РЦЦ) и албанското Министерството за локални прашања. МЦМС како партнер во оваа мрежа на конференцијата беше претставуван од Борјан Ѓузелов и Јасмина Чаушоска.

На конференцијата беше промовиран Регионалниот антикорупциски извештај кој дава споредбен преглед на состојбите во регионот. Беа презентирани и наодите од националните извештаи за проценка на корупцијата, а посебен акцент беше ставен и на соработката помеѓу граѓанското општество и државните институции.

Борјан Ѓузелов од МЦМС ги претстави главните наоди од македонскиот Извештај за проценка на корупцијата. Тој истакна дека поради силно изразените социо-економски проблеми, македонските граѓани не ја препознаваат корупцијата како еден од трите главни општествени проблеми. Наодите од истражувањето укажуваат на тоа дека македонските граѓани ја препознаваат корупцијата повеќе како институционален проблем на неефикасна администрација и недоволно спроведување на законите отколку како културен проблем или пак традиционално однесување. Во споредба со резултатите од 2002, изведените индекси покажуваат дека прифатливоста за корупцијата се зголемила, заедно со корупцискиот притисок, додека пак постои намалување на подложноста, распространетоста и исплатливоста на корупцијата. Ѓузелов истакна дека Македонија, слично на другите земји во регионот има релативно солидна правна рамка која што е се уште недоволно и селективно имплементирана. Оттука, беше укажано на потребата од поттикнување на политичката волја со цел институционално гонење на корупциски случаи од високо ниво, како и на потребата од градење на довербата помеѓу граѓаните и институциите. Исто така, беше истакната и потребата од поспецификно дефинирање на антикорупциските политики, со цел нивно ефективно спроведување во пракса и беше потврдена потребата од силно и компетентно граѓанско општество како значаен коректив на институциите.



Учесниците ја потенцираа дека експертизата на граѓанскиот сектор треба почесто да се користи

Во финалната дискусија, учесниците истакнаа дека граѓанскиот сектор треба да биде не само коректив на институциите туку и корисен извор на експертиза и знаење. Беа дискутирани и повеќе примери на соработка помеѓу граѓанскиот сектор и државата и беа презентирани добрите практики од Србија, Романија и Албанија. Учесниците разговараа и за повеќе механизми и меѓународни искуства за проценката на ризикот од корупција. Беше претставена и методологијата за антикорупциска проценка на законите, развиена од РАИ и РЦЦ, која има за цел да воспостави дополнителни меѓународни стандарди за развивање на подобри закони со минимален корупциски ризик.

Завршија Форумите во заедницата

Последната недела од ноември МЦМС ги одржа двете последователни сесии во општините Делчево и Шуто Оризари со што го заврши спроведувањето на Форумите во заедниците.

Граѓаните на Делчево добија уреден парк помеѓу улицата „Кеј на ослободување", реката Брегалница, спортската сала и реката Габровчица. Паркот има пешачки патеки и партерно хортикултурно уредување, поставени се клупи за седење, фонтана, корпи за отпадоци и јавно осветлување. Во проектот беа вложени вкупно 5.788.902 денари од кои 2.400.000 денари беа обезбедени како донација од Швајцарската агенција за развој и соработка, а 3.388.902 денари се општински средства. „Искрено се радувам за уредениот парк, бидејќи според мене паркот беше навистина неопходен за граѓаните на општина Делчево, а посебно за луѓето кои што живеат во тоа населено место," изјави Љупчо Христов, учесник на форумот.

Граѓаните на Шуто Оризари добија реновирани и санирани улици и тоа ул. Диме Мечето и ул. Дринска. Вредноста на овој проект изнесува 5.603.026 денари од кои 2.400.000 денари беа обезбедени како донација од Швајцарската агенција за развој и соработка, а 3.203.026 денари се општински средства. „Форумот беше интересен процес кој даде вистински резултати", ни рече Мерсина Куртеши, учесничка на форумот. „Сакам да напоменам дека овој го сметам за еден од ретките проекти кој има видлива реализација. За разлика од останатите, овој проект е видлив - се градат улици, патишта. Би замолила до одговорните и понатаму да се реализираат такви проекти", рече Куртеши. На крајот од сесиите беа презентирани информации за преземените активности и состојбата на препораките кои граѓаните им ги предадоа на градоначалниците на општините Делчево и Шуто Оризари на петтата форумска сесија.